# Полнолетната МАРТИНА: Сега можам да правам што сакам



Поп-пејачката Мартина наполни 18 години и стана полнолетна. До неодамна девојчето закопчано до грло прекуноќ го смени изгледот и ги замени кошулите со длабоко деколте. Со провокативниот изглед а ла Цеца, таа веднаш предизвикува внимание кај сите.

- Е сега можам да правам што сакам. Преку глава ми е од коментарите од типот "слатката мала Мартинче". Сега сум полнолетна, положив за возач и решив да го сменам имиџот. Редовно вежбам и ептен ослабев, ама нема да ви кажам колку, оти сакам со спотот, кој ќе го снимам наскоро, да ја шокирам јавноста. Којзнае, можеби, ќе снимам во костим за капење. Имам убави гради и сакам да ги истакнам - ни рече Мартина.

Таа вели дека откако стана полнолетна, не може да крене глава од додворувачи. Често може да се види во друштво на фудбалери. Деновиве планира голем камбек со нови песна и спот, за кои вели дека ќе бидат многу поинакви од тоа што го работела досега.

*текст и фото: З.В.*

ИДНИОТ МЕСЕЦ ВО УНИВЕРЗАЛНАТА САЛА



## Јубилеј на шоуто "Златна бубамара на популарноста"

На 20 или на 26 февруари, во Универзалната сала, ќе се одржи популарното шоу "Златна бубамара", кое годинава слави 10-годишен јубилеј. Што точно ќе се случува на сцената, сѐ уште не се знае, зашто, како што велат од радиото "Бубамара", сценариото сѐ уште се чува во тајност поради големите изненадувања што ја очекуваат публиката. Се знае само дека и овој пат ќе се појават најуспешните во минатата година.

Минатата година "Златна бубамара" беше во знакот на Деветтиот конгрес, со слоганот "Бубамара - тоа сме сите ние". Од штабот на радиото информираат дека овој пат на 2.000-те присутни во салата ќе им се одреди притвор во траење од три часа, каде што ќе може да се бранат со смеење, аплаудирање и со пеење. На оние што ќе останат без билети ќе им се одреди домашен притвор од три часа пред телевизор.

Одговорните велат дека оваа пресуда ќе стане правосилна на првото рочиште, закажано на еден од двата датума во КПД "Универзална сала".

*(В.М.)*



"БИОРИТАМ" СЕ ВРАЌА ОД АВСТРАЛИЈА

## Носат куфери потешки од нив

По тримесечната турнеја во Австралија, денес, исончани, се враќаат членовите на фолк-атракцијата "Биоритам". Немаше да биде ништо невообичаено ако биоритамци не се враќаат со багаж дупло потежок од нив. Најнатоварен е нивниот вокал Новица, кој носи куфери тешки 85 килограми, а потоа и останатите членови. Бидејќи не можеле да го земат целиот багаж со себе, тие уште во четвртокот испратиле дел од куферите, а дел ќе донесат со себе.

- Како да ја зеле Австралија. Подароци, подароци, подароци... Има по неколку куфери само нивна гардероба. Па веќе три месеци се таму и нормално е да имаат толку многу гардероба, а останатите куфери се полни со подароци за нивните семејства. Па, нели, биле на печалба, нормално е да се вратат толку натоварени - велат нивни блиски.

Со многу куфери е и пејачката Лидија Дворжак, која ги придружуваше на турнејата. Таа е натоварена со 80 килограми. Ќе биде облечена во австралиски и во светски марки од глава до петици.